Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 270//0306
27.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.12.2024 година, врз основа на примена жалба од Град Скопје ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Се бараат стручни лица за спроведување на активностите Скопје 2028 – Европска престолнина на културата“** објавен на онлајн медиумот МКД.мк (mkd.mk), на 27.11.2024 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Град Скопје, на 01.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот „Се бараат стручни лица за спроведување на активностите Скопје 2028 – Европска престолнина на културата", објавен во онлајн медиумот МКД.мк, со основно тврдење дека отстапува од етичките стандарди поради објавена фотографија во рамки на текстот.

Поконкретно жалителот тврди дека „фотографијата е несоодветна на содржината на текстот и новинарот требало да обрне внимание на неа. Не може во еден текст за отворен јавен повик каде треба да се информираат и пријават, читателската јавност да се става фотографија со контејнери полни ѓубре".

Притоа, жалителот прецизно наведува дека текстот не е спорен. „Текстот е коректен и во него се запазени основните новинарски стандарди и правила. Посочен е и линк до оригиналната вест" – се наведува во жалбата.

Жалителот, преку адвокатска канцеларија, во жалбата наведува документи и линкови од објавениот текст и во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот).

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Се бараат стручни лица за спроведување на активностите Скопје 2028 – Европска престолнина на културата**",** објавен на онлајн медиумот МКД.мк (mkd.mk), на 27.11.2024 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за информативен текст чија жанровска форма е вест, во која се известува за дневен настан поврзан со работењето на Град Скопје.

Во текстот кратко се известува дека Градот информирал дека отворил јавен повик поврзан со настанот „Скопје Европска престолнина на културата 2028 година" и дека бара физички лица кои имаат искуство со една од наведените уметности што се наведени во повикот. Текстот завршува со прецизно набројување на уметностите и другите области кои се важни

за физичките лица кои би биле заинтересирани за повикот на Градот, при што е наведен и интернет линк кадешто можат дополнително да се информираат и да се пријават.

Текстот, т.е. веста, според Комисијата е целосно коректен и професионален и не отстапува од ниту едно етичко правило пропишано во Кодексот. Впрочем, тоа го констатирал и жалителот во жалбата.

Што се однесува до фотографијата со која е илустриран текстот, а на која де факто посочува жалителот како „несоодветна на содржината", Комисијата потсетува дека изборот на фотографијата во контекст на содржината на текстот е исклучиво уредничко право на медиумот и во конкретниот случај со таквиот избор не е прекршено ниту едно етичко правило. Медиумот треба да внимава на фотографиите во контекст на запазување на авторските права и кога се известува од судски процеси, несреќи, семејни трагедии, самоубиства, сцени од насилства или пак, кога и со самата фотографија може да се поттикне говор на омраза, да се наруши угледот на некоја личност и слично.

Но, во дадениот случај изборот на фотографијата не нарушува некое од етичките правила што ги обврзуваат новинарите и медиумите, односно ова е слобода на проценка на уредувачката политика на медиумот, поради што Комисијата не утврди какво било прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска Тамара Чаусидис и Зериета Јајага. На состанокот беше отсутен Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595